Витолд Гомбрович

Порнографија

Книгата е објавена со поддршка од преведувачката програма ©POLAND



БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Witold Gombrowicz, *Pornografia*

Copyright © Rita Gombrowicz & Institut Littéraire
All rights reserved

Превод од полски јазик
Филип Димевски

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Витолд Гомбрович

Порнографија



Скопје, 2024

Информација

„Порнографија“ се случува во Полска од воените години. Зошто? Малку затоа што воената клима е најкарактеристична за неа. Малку затоа што тоа сепак е полско – и дури можеби било замислено, во првата проекција, малку по образецот на евтина романса од типот на Роѓевичувна или Зажицка (дали оваа сличност исчезна во подоцнежната разработка?). А малку и за инает – да му се поттури на народот дека меѓу него има место и за други конфликти, драми, идеи, освен оние... теоретски воспоставените.

Таа воена Полска не ја познавам. Не бев таму. Воопшто, Полска од 1939 г. не сум ја видел. Го опишав ова така како што си го замислувам. Значи, ова е имагинарна Полска – па не грижете се што понекогаш е згрешено, понекогаш можеби фантастично, зашто не се работи за тоа и потполно е безначајно за нештата што се случуваат тука.

Уште нешто. Никој нека не бара во мотивот поврзан со Домашната армија[1] (во вториот дел) критичка или иронична намера. ДА може да биде сигурна за мојата почит. Ја измислив таа ситуација – која би можела да се случи во која било подземна организација – зашто тоа го бараа композицијата и нејзиниот дух, на тоа место малку мелодраматичен. ДА или не ДА, луѓето се луѓе – секаде може да се погоди водач, замајан кукавица или убиство диктирано од конспирација.

В. Г.

[1] Домашна армија ДА (пол. Armia Krajowa) – воена организација и полско движење при отпорот во Полска за време на окупацијата на земјата од страна на нацистичка Германија и Советскиот Сојуз во Втората светска војна.

Прв дел

1

Ќе ви раскажам друго мое доживување, веројатно едно од најкобните.

Тогаш, а тоа беше во 1943-та, престојував во поранешна Полска и во поранешна Варшава, на самото дно на свршениот чин. Тишина. Проретчена група мои другари и пријатели од поранешните кафеани „Зодијак“, „Земјопоседничка“, „Ипс“, секој вторник се собираше во едно станче на улица Круча и таму, пивнувајќи, настојувавме и понатаму да бидеме уметници, писатели и мислители... продолжувајќи ги нашите стари, минати разговори и расправи за уметноста... Хеј, хеј, хеј, до ден-денешен ги гледам како седат или лежат во тешкиот чад, овој малку костурест, оној издраскан, а сите развикани, разврескани. Па така, еден викаше: Бог, друг: уметност, трет: народ, четврти: пролетаријат, и така дискутиравме жолчно и така тоа траеше, и траеше – Бог, уметност, народ, пролетаријат – но еднаш се појави еден тип на средна возраст, црномурен и слаб, со орловски нос, и му се претстави секому

посебно придржувајќи се на сите формалности. Потоа, речиси и не прозбори.

Многу внимателно се заблагодари за послужената чашка вотка – и со не помала внимателност, рече: – Би замолил уште за кибрит... – потоа почека кибрит и чекаше... и кога му дадоа, зеде да ја пали цигарата. Во меѓувреме, дискусијата вриеше – Бог, пролетаријат, народ, уметност – а смрдеата ни навлегуваше во ноздрите. Некој му се обрати: – Какви ветришта ве довеаја, господине Фридерик? – на што тој веднаш даде исцрпен одговор. – Дознав од госпоѓа Ева дека овде наминува Пјентак, па навратив, зашто имам четири зајачки кожи и ѓон. – И, да не биде празноречив, ги покажа кожичките завиткани во хартија.

Го послужија со чај, кој го испи, но на чиничето му остана парче шеќер – и ја подаде раката за да го принесе до устата – но можеби согледа дека овој потег не е доволно оправдан, па ја повлече раката – ама повлекувањето на раката, всушност, беше уште понеоправдано – па повторно ја подаде раката и го изеде шеќерот – но веројатно не го изеде за задоволство, туку за да се однесува како што треба... спрема шеќерот, или спрема нас?... и сакајќи да го избрише тој впечаток, се накашла и за да го оправда накашлувањето, извади марамче, но веќе не се осмели да си го избрише носот – само ја помести ногата. Поместувањето на ногата, се чини, му наметна нови компликации, па воопшто стивна и се скамени. Ова особено однесување (зашто тој, всушност, ништо друго не правеше, туку „се однесуваше“, тој „се однесуваше“ без престан)

уште тогаш, при првото видување, го поттикна моето љубопитство, а во текот на следните месеци се зближив со овој човек, кој, впрочем, се покажа како некој што не е лишен од добри манири, а исто така, зад себе имаше искуство од областа на уметноста (некогаш се занимавал со театар). Што знам... што знам... доволно е ако кажам дека заедно се зафативме со ситна трговија што ни обезбедуваше средства за издршка. Да, но тоа не траеше долго, зашто еден ден добив писмо, писмо од таканаречениот Хип, односно Хиполит С., земјопоседник од околијата на Сандомјеж, со предлог да го посетиме – и Хиполит напомнуваше дека сака да поразговара со нас за некои свои варшавски проблеми, во кои би можеле да му бидеме од корист. „Овде е божем мир, ништо особено, ама се војваат банди, понекогаш напаѓаат, знаеш, разлабавено е. Дојдете заедно, ќе биде посигурно“.

Да одиме? Заедно? Ми доаѓаа сомневања што е тешко да се формулираат, кои се однесуваа на тоа патување заедно... зашто, да го водам со себе таму, на село, за да ја продолжи својата игра... А неговото тело, тоа толку... „специфично“ тело?... Да одам со него не водејќи сметка на таа негова неуморна „молчаливо-громогласна непристојност“?... Да се оптоварувам со некој толку „компромитиран, па како резултат на тоа и компромитирачки“?... Да се изложувам на тој „дијалог“ упорно воден... со... со кого, всушност?... А неговото „знаење“, тоа негово знаење за?... А неговата лукавост? А неговите измами? Да, сето тоа не ме привлекуваше многу, но, од

друга страна, тој во својата вечна игра беше толку посебен... толку издвоен од нашата колективна драма, толку без врска со дискусиите „народ, Бог, пролетаријат, уметност“... и тоа ми беше одмор, беше некакво растоварување... А притоа беше толку беспрекорен, спокоен и претпазлив! Па, да одиме, ако е веќе попријатно заедно! И на крајот – се испентаривме во вагонот и се пробивавме во преполната внатрешност... додека, конечно, возот не тргна чкрипејќи.

Три часот попладне. Магливо. Фридерик го прекршуваше наполу торзо на некоја баба, нога на дете му ја напаѓаше брадата... и така патуваше... ама патуваше како и секогаш, непогрешен и совршено воспитан. Молчеше. Молчев и јас, патувањето нè тресеше и нè фрлаше, а сè беше како стврднато... но низ делче од прозорецот здогледав модрикави и сонливи полиња, во кои навлегувавме со разнишан татнеж... тоа беше онаа истата, толку пати видена, рамна ширина опфатена од хоризонтот, избраздена земја, неколку дрвја што одминуваат, куќичка, градби што исчезнуваат во заднината... истото како и секогаш, она однапред познатото... Ама не е исто! И не е исто токму затоа што е исто! И непознато, и нејасно, па дури и несфатливо, неопфатно! Детето се развика, бабата кивна...

Тој кисел мирис... Одамна познатата, вечна тага на патувањето со воз, линијата на жиците или на ров што се крева и се спушта, ненадејниот упад во прозорецот на дрво, столб, куќарка, молскавичното јурење на сè во заднина, излизгувањето... кога таму, далеку, на хоризонтот, оџак

или рид... се појавуваа и траеја долго, упорно, како главна грижа, доминантна грижа... додека не пропаднаа во небиднина со бавно свртување. Фридерик беше веднаш пред мене, одделен од две глави, неговата глава беше многу близу и можев да ја видам – молчеше и патуваше – а присуството на туѓи тела, безобразни, опсадни и нападни, само го продлабочуваше моето сам на сам со него... без зборови... толку многу што, жими Бога, претпочитав да не патувам со него и да не се остваре идејата за заедничкото патување! Бидејќи, вметнат во телесност, беше уште едно тело повеќе меѓу телата, ништо повеќе... ама истовремено беше... и беше некако засебно, а неумоливо... Тоа не можеше да се отстрани. Тоа не можеше да се изигра, да се реши, да се избрише, Фридерик беше во тој стисок и беше... И неговото патување, неговото јурење во просторот, не можеше да се спореди со нивното патување – тоа беше многу позначајно патување, можеби дури и опасно...

Одвреме-навреме ќе ми се насмевнеше и ќе кажеше нешто – ама веројатно за да ми овозможи да престојувам со него и да го направи своето присуство помалку мачно. Сфатив дека да се извлече од градот, да се исфрли во овие пространства надвор од Варшава, беше ризичен потфат... зашто, во фонот на овие пространства, неговиот посебен внатрешен квалитет мораше уште посилно да се распростира... и самиот тој го знаеше тоа, зашто никогаш не сум го видел толку тивок, толку малечок. Во одреден миг самракот, таа супстанција што го проголтува обликот, по-

чна постепено да го брише и стана нејасен во заитаниот и растресен вагон, кој навлегуваше во ноќта, стремеше кон небиднината. Но, тоа не ја ослаби неговата присутност, која само стана помалку достапна за очите: демнеше зад превезот на негледањето, ист. Одеднаш, се запали светлото и одново го извлече на јаве, покажувајќи ги неговата гуша, ќошињата на стиснатата уста и ушите... тој, пак, не трепна, стоеше со очите врежани во разнишано јаженце и постоеше! Возот повторно застана, некаде зад мене се слуша влечкање на нозе, навалицата се занишува, изгледа нешто се случува – ама тој си постои и си постои! Поаѓаме, надвор е ноќ, локомотивата бувна искри, патувањето на вагоните станува ноќно – што ми требаше да го водам со себе? Зошто се обременив со ова друштво, кое, наместо да растоварува, оптоварува? Ова патување траеше многу поспани часови, беше преплетено со постојки, сè додека, на крајот, не стана патување заради патување, сонливо, настојчиво, и така патувавме додека не стигнавме до Ќмјелув и не се најдовме со куферите на патеката покрај пругата. Низата на возот што исчезнува при сè послаб татнеж. Тишина, загадочно ветре, и ѕвезди. Штурец.

Јас, извлечен од повеќечасовно движење и турканица, одеднаш поставен на патекава – а покрај мене е Фридерик со капутот на рака, потполно тивок и застанат – каде бевме? Што беше ова? Па, нели ја познавав оваа околина, не ми беше туѓо ветрево – ама каде бевме? Онаму, напреку, познатата зграда на ќмјеловската станица

и неколку светилки што светат, ама... каде, на каква планета слетавме? Фридерик стоеше покрај мене и само стоеше. Тргнавме кон станицата, тој по мене, еве кочија, коњи, кочијаш – позната кочија и познато поткревање на кочијашката капа, па тогаш зошто така упорно се загледувам?... Се качувам, по мене Фридерик, се возиме, песочен пат под светлината на темното небо, од страните надоаѓа црнилото на дрво или грмушка, влегуваме во селото Бжустова, се белеат варосани штици и лаење на куче... загадочно... пред мене е грбот на кочијашот... загадочен... а покрај мене е човекот што молчаливо, љубезно, ме придружува. Невидливата земја го лулаше и го тресеше нашето возило, а јамите на темнината, згуснатоста на мракот меѓу дрвјата, ни го попречуваа видот. Му се обратив на кочијашот за да си го слушнам сопствениот глас:

– Па, што има? Мирно ли е кај вас?

И слушнав дека рече:

– Засега е мирно. Има банди по шумите... Ама во последно време дека нешто посебно...

Невидливо лице, а гласот ист – значи, не е ист. Пред мене само грб – и веќе сакав да се подадам за да го погледнам в очи тој грб, но се воздржав... зашто Фридерик... сепак беше тука, покрај мене. И беше неизмерно тивок. Имајќи го покрај себе, претпочитав да не погледнувам никого в лице... зашто одеднаш сфатив дека ова нешто што седи покрај мене во својата тишина е радикално, радикално до лудило! Да, тоа беше екстремист! Непресметливо екстремен! Не, тоа не беше обично постоење, туку нешто погреб-

ливо, напрегнато со крајност за каква што досега не сум имал поим! Па, затоа претпочитав да не погледнувам в лице – никого, дури ни кочијашот, чиј грб гмечеше, како планина, додека невидливата земја ја лулаше, ја тресеше кочијата, а околната темнина, која сјаеше со ѕвездите, ја исцицуваше секоја видливост. Натамошниот пат мина без збор. На крајот, се истркалавме на алеја, коњите тргнаа пободро – порта, стражар и кучиња – затворена куќа и нејзино тешко, чкрипливо отворање – Хип со ламба...

– Е, фала Богу, стигнавте!

Тој е или не е тој? Ми падна в очи и ме одврати набрекнатото црвенило на неговите образи, кое се распрскуваше однатре... и воопшто, изгледаше како да е распрснат од оток што предизвикал преувеличување на сè во него, разраснување на сите страни, ужасно распашување на телиштето, кое беше како вулкан што блуе месо... и во чизми со сари, ги испружи апокалиптичните шепишта, а очите му ѕиркаа од телото како низ прозорче. Ама се вдаде кон мене и ме гушкаше. Шепна срамежливо:

– Ќе пукнам... ѓавол знае... Се здебелив. Од што? Веројатно од сè.

И гледајќи си ги прстиштата, повтори со неизмерен јад, потивко и за себе:

– Се здебелив. Од што? Веројатно од сè.

И грмна:

– Ова е жена ми!

Потоа промрмори на своја сметка:

– Ова е жена ми.

И вресна: